ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Европскиот суд за човекови права е меѓународен суд со седиште во Стразбур. Судот е составен од број на судии кој е еднаков на бројот на држави членки на Советот на Европа, кои ја имаат ратификувано Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи – во моментов четириесет и седум1. Судиите на судот имаат свој индивидуален статус и не претставуваат ниедна држава. Во текот на работата за поднесените апликации, судот добива помош од секретаријат кој е составен главно од правници од сите држави членки (кои исто така се познати како законски секретари). Тие се целосно независни од својата земја на потекло и не ги застапуваат ниту апликантите ниту државите.

Европски суд за човекови права
Совет на Европа
67075 Strasbourg Cedex
France
Tel : +33 (0)3 88 41 20 18
Fax : +33 (0)3 88 41 27 30

## ***Постапки пред судот***

***Кој може да поднесе апликација пред судот?***

Во Конвенцијата се прави разграничување помеѓу два типа на апликации: поединечна апликација која е поднесена од страна на некое лице, група на поединци, компанија или НВО кои имаат приговор за повреда на нивните права, и меѓудржавни апликации кога една држава поднесува апликација против друга.

Од основањето на судот, речиси сите апликации се поднесени од страна на поединци кои имаат поднесено предмети директно пред судот, со тврдење за една или повеќе повреди на Конвенцијата.

***Против кого се поднесуваат апликации?***

Апликациите може да се поднесат против една или повеќе држави кои ја имаат ратификувано Конвенцијата. Сите апликации кои се поднесени против други држави или поединци, ќе бидат прогласени за недопуштени.

***Како се поднесуваат апликациите до судот?***

Апликациите може да се поднесуваат директно од страна на поединци, а на почетокот на постапката помош од адвокат не е неопходна. Доволно е доколку до судот се испрати правилно пополнета апликација со сите потребни документи. Меѓутоа, регистрирањето на апликацијата од страна на судот не претставува гаранција дека истата ќе биде допуштена или мериторно успешна.

Системот на Конвенцијата обезбедува "лесен" пристап до судот, со што на поединецот му се овозможува да поднесе апликација дури и доколку тој/таа живее во далечен регион на земјата членка или е сиромашен. Имајќи го тоа во предвид, не постојат надоместоци кои се плаќаат за постапката пред судот.

***Која е разликата помеѓу индивидуалната апликација и меѓудржавна апликација?***
Повеќето апликации кои се доставуваат пред судот се поединечни апликации поднесени од приватни лица. Една држава може исто така да поднесе апликација против друга држава членка на Конвенцијата; тоа се нарекува меѓудржавна апликација.

***Дали е неопходно во постапката пред судот да има застапување од страна на адвокат?***
Правното застапување не е неопходно на почетокот на постапката; секој може директно да го изнесе случајот пред судот. Меѓутоа, помошта од адвокат станува неопходна откако судот ќе испрати известувањето за случајот до соодветната влада за нејзино запознавање. Правната помош може да се обезбеди на апликантите, доколку е неопходно, од таа фаза на постапката понатаму.

***Кој има право на законски поднесоци до судот?***
Не постои листа на овластени адвокати за писмени или усни поднесоци до судот. Апликантот може да биде застапуван од секој кој е квалификуван за пракса на адвокат во една од државите членки на Конвенцијата, или кој бил овластен од страна на претседателот на советот.

***Кои се различните фази на постапката пред судот?***
Предметите пред судот се разгледуваат во две главни фази: фаза на допуштеност и мериторна фаза (т.е. преглед на приговорот). Самата обработка на апликацијата исто така поминува низ неколку различни фази.
Судија поединец ќе ја прогласи апликацијата за недопуштена онаму каде тоа е јасно од самиот почеток; таквата одлука не може да се обжали.
Комисијата ќе ја донесе конечната одлука или пресуда за случај кој е опфатен со добро утврдената судска пракса на судот.
Судскиот совет ќе ја информира засегнатата влада за нивните забелешки. Писмени забелешки се поднесуваат од двете страни. Потоа судот одлучува дали е соодветно да се одржи јавна расправа за случајот, но тоа зависи од бројот на апликации кои се разгледуваат. На крајот, судскиот совет носи пресуда која ќе стане конечна само по истекот на три-месечниот период, во текот на кој апликантот или владата може да побараат упатување на предметот до Големиот судски совет за ново разгледување.
Доколку барањето за упатување е прифатено од страна на Големиот судски совет, ќе се разгледа предметот и доколку е неопходно ќе се одржи јавна расправа. Пресудата на големиот судски совет ќе биде конечна.

***Кои се условите за допуштеност?***
Апликациите мора да исполнуваат одредени критериуми за да се прогласат за допуштени од страна на судот; во спротивно апликациите воопшто нема да се разгледуваат.
Апликација може да се поднесе до судот само доколку сите домашни правни лекови биле исцрпени; или со други зборови, поединци кои поднесуваат

апликација заради повреда на нивните права мора претходно да имале предмет пред домашните судови во дадената земја, и тоа пред судовите со највисоко можно ниво на јуриздикција. На тој начин самата држава има прва можност да обезбеди поправка на наводните повреди на национално ниво.
Наводите на апликантот мора да се однесуваат на едно или повеќе права кои се дефинирани во Конвенцијата. Судот не може да разгледува апликации кои се однесуваат на повреда на други права.
Исто така, апликациите треба да се поднесуваат до судот во рок од шест месеци од последната судска одлука за предметот, а тоа вообичаено е пресуда на највисокиот суд во дадената земја.
Апликантот мора лично или директно да бил жртва на повреда на Конвенцијата, и мора да страдал од голема обесправеност.
Се разбира, не смее да се заборави дека апликациите може да се поднесат против една или повеќе држави членки на Конвенцијата, а не против било која држава или поединец.

***Дали на НВОи или на државите им е дозволено да учествуваат во постапките?***

Да, апликации може да поднесуваат НВОи и држави. Покрај тоа, тие може да бидат овластени да интервенираат во постапките како трети лица од страна на претседателот на судот.

***Која е трета страна која врши интервенции?***

Претседателот на судот може да овласти друго лице, но не апликантот или друга држава членка кон Конвенцијата, но не државата против која е поднесена апликацијата, за да изврши интервенција во постапката. Тоа се нарекува интервенција од трета страна. Лицето или државата имаат право да поднесуваат барања и да учествуваат на јавните расправи.

***Дали судот може да назначи вешти лица или да бара сведочење од сведоците?***

Да. Во исклучителни случаи, судот може да одлучи да преземе истражни мерки и да патува до одредени земји за да се појаснат фактите за одреден предмет. Делегација на судот може да бара сведочење од сведоци и да спроведува истрага на терен.
Повремено судот назначува вешто лица, на пример кога се потребни стручни лекари кои треба да ги прегледаат апликантите кои се наоѓаат во затвор.

***Дали судот одржува јавни расправи?***

Во основа, судот има писмена процедура, но повремено одржува јавни расправи за конкретни предмети.
Расправите се одржуваат во зградата за човекови права во Стразбур. Расправите се јавни освен доколку претседателот на судскиот совет или на големиот судски совет не одлучи поинаку, зависно од самиот предмет. На медиумите и на јавноста им е дозволено да присуствуваат на јавните расправи;

едноставно само треба да ја покажат својата лична карта или легитимација на влезот.

Сите расправи се снимаат и се прикажуваат на веб страната на судот истиот ден од 14.30 часот (локално време).

***Што се прелиминарни приговори?***

Прелиминарните приговори се аргументи кои ги поднесува засегнатата влада во поддршка на тврдењето дека не треба мериторно да се разгледува предметот.

***Што претставува пријателско спогодување?***

Пријателско спогодување е договор помеѓу страните да се стави крај на постапката која била започната заради апликацијата. Кога двете страни ќе се согласат да го решат спорот на овој начин, резултатот вообичаено е државата да му исплати износ на пари на апликантот. Откако ќе се прегледаат условите на пријателското спогодување, и доколку судот смета дека нема потреба од продолжување на постапката за почитување на човековите права, судот ќе ја поништи апликацијата.

Судот секогаш ги охрабрува страните да преговараат за пријателско спогодување. Доколку не се постигне договор, судот ќе продолжи со мериторно разгледување на апликацијата.

***Дали може судот да издава наредба за привремени мерки?***

Кога судот ќе прими апликација, може да одлучи дека државата треба да преземе одредени провизорни мерки додека во меѓувреме се разгледува предметот. Вообичаено, тоа се состои од барање од државата да се воздржи од нешто, како на пример да не се враќаат поединци во земјата за каде има наводи дека ќе се соочат со смрт или тортура.

***Дали разгледувањата на судот се отворени за јавност?***

Не, разгледувањата на судот секогаш се тајни.

***Дали некогаш државите имаат одбиено да соработуваат со судот?***

Постојат предмети за кои државите пропуштиле или дури одбиле да му обезбедат информации и документи на судот, кои се неопходни за разгледување на апликацијата.

Во таквите случаи, може да одлучи против државата согласно на член 38 од Конвенцијата (со кој државите се обврзани да ги достават сите неопходни информации до судот).

***Колку време вообичаено траат постапките пред судот?***

Невозможно е да се каже колку време ќе трае постапката пред судот.

Судот прави заложби да ги реши предметите во рок од три години од поднесувањето на апликацијата, но разгледувањето на некои предмети може да трае подолго, а некои може да се обработат за многу пократко време.

Времетраењето на постапката пред судот очигледно е дека се разликува зависно од предметот, на кој состав на судии е доделен да се разгледува,

исполнителноста на страните во обезбедувањето на информации пред судот и многу други фактори, како што се одржувањето на расправа  или упатување на предметот пред големиот судски совет.
Некои апликации може да се класифицираат како итни и тие добиваат приоритет при разгледувањето, особено за предмети во кои има наводи дека апликантот се соочува со неминовна закана од физичка повреда.

## ***<u>Одлуки и пресуди на судот</u>***

***Која е разликата помеѓу одлука и пресуда?***
Одлуката обично ја носи судија поединец, комисија на судот или судски совет. Таа се однесува само на допуштеноста на предметот, но не и на фактите за случајот. Вообичаено, судскиот совет во исто време ја разгледува допуштеноста и фактите на случајот, а потоа носи пресуда.

***Дали државите се обврзани со пресудите кои се донесени против нив?***
Пресудите со кои е утврдена одредена повреда, се обврзувачки за дадените држави и тие се обврзани да ги спроведат. Комитетот на министри при Советот на Европа го следи извршувањето на пресудите, особено за плаќањето на надомест на апликантите кој го има утврдено судот, за да се надомести за штетата која им била нанесена.

***Дали може да се поднесе жалба против пресудите?***
Одлуките за недопуштеност, и исто така и пресудите кои ги имаат донесено комисиите или големиот судски совет се конечни и не може да се обжалат. Меѓутоа, страните имаат три месеци по прогласувањето на пресудата на судскиот совет да побараат упатување на предметот пред големиот судски совет за ново разгледување. Барањата за упатување до големиот судски совет ги разгледува панел на судии, кои одлучуваат за тоа дали таквото упатување е соодветно или не.

***Како се спроведуваат пресудите на судот?***
Кога судот ќе донесе пресуда со која има утврдено некаква повреда, судот го префрла предметот кај Комитетот на министри при Советот на Европа, кој се советува со засегнатата земја и одделението кое е одговорно за извршување на пресудата за да се одлучи како ќе се спроведе пресудата и како ќе се спречат слични повреди на Конвенцијата во иднина. Тоа ќе резултира во генерални мерки, особено во амандмани на законите, како и поединечни мерки каде тоа е неопходно.

***Кои се последиците од пресуда со која е утврдена повреда?***
Доколку биде утврдена одредена повреда, засегнатата држава мора да биде внимателна да се осигура дека таквите повреди нема да се повторат во иднина, и дека во спротивно судот може да донесе нова пресуда против нив. Во некои случаи, државата ќе мора да го измени своето законодавство и да го усогласи со Конвенцијата.

***Што претставува правично задоволување на правдата?***

Кога судот ќе донесе пресуда против државата и кога ќе утврди дека на апликантот му била нанесена штета, за апликантот носи одлука на правично задоволување на правдата, односно износ на пари кои се исплаќаат како надомест за нанесената штета. Комитетот на министри обезбедува сигурност дека секој износ кој е одлучено од страна на судот да му се исплати на апликантот, всушност е исплатен.

***Што е пилот предмет?***

Во текот на последните неколку години, судот разви нова процедура за да се сработат огромниот број на апликации кои се доставуваат за слични проблеми, исто така познати како "системски проблеми" – т.е. оние кои произлегуваат од неусогласеност на домашниот закон со Конвенцијата.

Затоа, судот од неодамна започна да спроведува процедура која се состои од разгледување на една или повеќе апликации од овој вид, додека пак разгледувањето на серија на слични предмети се прекинува (или со други зборови, се одложува). Кога се носи пресуда за некој пилот предмет, засегнатата влада се повикува да го усогласи законот со Конвенцијата и притоа се укажува на општите мерки кои треба да се преземат. Потоа, се продолжува со работа на слични случаи.

***Што е одделно мислење?***

Судиите може ќе сакаат да подготват посебно мислење за предмет за кој одлучувале и нивното мислење ќе биде приложено на пресудата. Генерално, судиите објаснуваат зошто гласале заедно со мнозинството (мислење со кое се согласуваат) или во спротивно зошто не се согласиле со мнозинството судии (различно мислење).